Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа ДРАМСКИ ТЕАТАР
Institucioni Nacional TEATRI I DRAMËS

Бр.-Nr. 0402-152/1

03.06.2021 год.viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 77-а став 2 и член 77-ж став 1 и 3 од Законот за култура (Сл.Весник бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), член 12 став 2 точка 20 од Статутот на НУ ДТС и Записникот од Комисијата за селекција во постапка за вработување под бр. 0402-150/2 од 02.06.2021 г., со Предлог Одлука за избор на кандидати од страна на Комисијата под бр. 0402-150/3 од 03.06.2021 г., вд директорот на НУ ДТС на ден 03.06.2021 г.,ја донесе следната

# ОДЛУКА

## за избор на кандидати по спроведена постапка за вработување

За вработување на 3 (три) лица во помошно- техничкиот оддел во НУ Драмски театар Скопје, на неопределено време, избрани се следните кандидати:

1. Марко Вуковиќ, на работно место Реквизитер (КУЛ 04 05 Б01 008);

2. Рада Симоноска, на работно место Гардеробер за театарски костими (КУЛ 0401В01004);

3. Амир Нуиши, на работно место Декоратер (КУЛ 0401А03006).

По конечноста на оваа Одлука ќе се донесат поединечни Решение за вработување на избраните кандидати и со нив ќе се склучат Договори за вработување.

## Образложение

На ден 19 мај 2021 г. НУ Драмскиот театар Скопје, во трите дневни весници Вечер, Слободен печат и Коха, објави јавен оглас за вработување на неопределено време на работните места од помошно-техничкиот оддел на установата, и тоа за 1 извршител на работно место Реквизитер, за 1 извршител на работно место Гардеробер за театарски костими и за 1 извршител на работното место Декоратер. По завршувањето на пријавувањето на кандидатите по огласот со Решение под бр. 0402-150/1 од 08.05.2021 г. од страна на вд. директорот беше формирана Комисија за селекција во постапката за вработување. Комисијата изготви Записник од спреведените фази на селекција на кандидатите, под бр. 0402-150/2 од 02.06.2021 г. и Предлог Одлука под бр.0402-150/3 од 03.06.2021 г., каде што за најкомпетентни кандидати кои ги исполнуваа сите услови по огласот ги избра кандидатот Марко Вуковиќ за вработување на работното место Реквизитер, Рада Симоноска за вработување на работното место Гардеробер за театарски костими и Амир Нуиши за вработување на работното место Декоратер.
Од горенаведеното се донесе Одлука како во диспозитивот на истата, која влегува во сила со денот на донесувањето.

ПРАВНА ПОУКА: Сите кандидати имаат право на жалба во рок од 8 дена од денот на донесувањето на Одлуката, до Управниот одбор на НУ ДТС.

НУ Драмски театар Скопје
Вд Директор
Катарина Коцевска Хаџи Василева

Доставено до: Сите кандидати